Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 02-770/1
17-09- 2026 год.
Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 17 -09- 2026
Орг. един. | Бр. | Прилог | Вредност

До
Совет на Општина Велес

Предмет:Доставување на Годишна програма за работа за 2026/2027 година и Извештај за работата за 2025/2026 година на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес.

Почитувани,

Во прилог на овој допис, Ви доставуваме Одлуки донесени на седницата на Управниот одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ - Велес, одржана на ден 16.09.2026 година, за донесување на **Годишна програма за работа на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес за 2026/2027 година и Извештај за работата на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес за 2025/2026 година**, кои согласно Законот за заштита на децата, бараме од Советот на Општина Велес како основач на Установата да бидат усвоени.

ВО ПРИЛОГ:

-Одлука на УО на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес за Годишна програма за работа на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес за 2026/2027 година, со арх.бр.02-748/3 од 16.09.2026 година;
-Годишна програма за работа на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес за 2026/2027 година, со арх.бр.01-750/1 од 16.09.2026 година;
-Одлука од УО на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес за Извештај за работата на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес за 2026/2027 година, со арх.бр.02-748/4 од 16.09.2026 година;
-Извештај за работата на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес за 2026/2027 година, со арх.бр.01-749/1 од 16.09.2026 година;

Со почит,

Општинска јавна установа за деца Детска градинка "Димче Мирчев" Република Северна Македонија Велес

ДИРЕКТОР

Наташа Јанушева

Велес, 17.09.2026 година

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 02-748/4
16.09.2026 год.
Велес

Врз основа на член 116 ст.1 т.2 од Законот за заштита на децата (Консолидиран текст) и член 25 ст.1 алинеа 2 од Статутот, Управниот одбор на ОЈУДГ„Димче Мирчев“-Велес на седницата одржана на ден 16.09.2026година, донесе

О Д Л У К А
за донесување на Годишниот извештај
за работа на установата за 2025/2026 год.

Член 1

Со оваа одлука **се донесува Годишниот извештај за работа** на **Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Димче Мирчев“-Велес за 2025/2026 година.**

Член 2

СЕ ПРЕДЛАГА на **Советот на Општина Велес ДА ГО УСВОИ Годишниот извештај за работа на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Димче Мирчев“-Велес за 2025/2026година.**

Член 3

Составен дел на оваа одлука е **Извештајот за работа на ОЈУДГ„Димче Мирчев“-Велес за 2025/2026 година.**

Заменик претседател на Управен одбор

Општинска јавна установа за деца Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ" Република Северна Македонија Велес

Мери Перкова

Доставено до:
-Совет на ЕЛС
-архива

ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес



ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА
НА ОПШТИНСКАТА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА -
ДЕТСКА ГРАДИНКА „ДИМЧЕ МИРЧЕВ” ВЕЛЕС ЗА
2025/2026 година

Велес
Септември 2026 год.

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 01-7491/1
16.09.2026 год.
В е л е с

Вовед

Својата работа градинката „Димче Мирчев " во Општина Велес ја засноваше на почитување на законските, статутарните и програмските регулативи како и најновите педагошко-психолошки сознанија. Основната дејност-згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст се реализираше преку згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето, создавање на поквалитетни услови за престој на деца од 8 месечна до 6 годишна возраст, односно, до вклучување во основно образование.

ОЈУДГ „Димче Мирчев" Велес е основана на 09.10.1959 година со Решение на Народен Одбор на град Велес. Првите години, работењето на Установата се одвива во еден објект, но со текот на времето како се развива потребата од згрижување на деца од предучилишна возраст се отвараат и другите објекти, па така од 1982 година, дејноста се врши во 6 организациони единици во градот, група во други просторни услови во Општина Градско и објект во с.Караслари.

Основна цел на работата на Детската градинка „Димче Мирчев"-Велес е да реализира програми и активности кои ќе им помогнат на децата да ги достигнат своите целосни потенцијали. Поаѓајќи од научните согледувања кои укажуваат дека првите шест години од животот на човекот се основата на воспитанието и образованието на секоја индивидуа, градинката како организирана средина за игра и учење постојано нуди продуктивни активности, програми и проекти кои излегуваат во пресрет на потребите, интересите, желбите и приоритетите на децата и нивните семејства.

Градинката непосредно по семејството е место каде продолжува процесот на градење и усвојување на вредностите. Токму на тој степен на воспитание и образование треба да се промовираат универзалните, глобалните и автономните вредности кои подоцна ќе му помогнат на секое дете да направи вистински избор во животот, да биде способно да ги препознава вистинските вредности, да создава нови и да врши нивна промоција во јавниот живот.

Во контекст на погоре дефинираното, изминатата година Установата, се фокусираше на остварување на следните задачи:

- создавање на услови за задоволување на потребите за учење низ игра кои го поттикнуваат социо-емоционалниот развој на децата;
- создавање услови кои целосно ќе излезат во пресрет на основните потреби за здрав психо-физички развој на децата како што се: исхрана, нега, одмор, хигенски навики и здравствена заштита;

- поттикнување и развивање на движечки способности и унапредување на физичкиот и моторен развој на децата;
- формирање на основни културно-хигенски и работни навики ;
- создавање услови за социјализација на децата и запознавање со основните норми на однесување;
- создавање услови за згрижување и воспитание на деца со потешкотии во психо-физички развој во редовните групи во зависност од видот и степенот на попреченост;
- збогатување на емоционалниот свет на детето и запознавање со природната и општествена средина што го опкружува.

Мисија: "Ние сме партнери на родителите во воспитанието и образованието на децата, нивниот правилен раст и развој, креираме безбедна стимулативна средина, негуваме тимска работа, толеранција, ги почитуваме различностите и ги поттикнуваме индивидуалните можности и способности на децата, градиме успешна соработка и ја промовираме нашата установа во локалната заедница"
Визија: Среќно дете кое расте во сигурно, убаво и стимулативно опкружување под мотото: „Заедно да растеме, играме и осознаваме, да бидеме куќа на среќни деца, задоволни родители и успешна установа"

1. Појдовни основи за реализација на дејноста

Реализацијата на воспитно - образовната и згрижувачка дејност на Општинската јавна установа за деца - Детска градинка „Димче Мирчев" Велес во извештајниот период се одвиваше врз основа на следните документи :

- Закон за заштита на деца – објавен во Службен весник 23/2013 од 14.02.2013 год. 12/2014; 44/2014; 144/2014; 10/2015; 25/2015; 150/2015; 192/2015; 27/2016; 163/2017; 21/2018; 198/2018; 104/2019; 146/2019; 275/2019; 311/2020; 294/2021; 150/2022; 236/2022; 236/2022; 17/2025; 132/2025; 125/2026; 183/2026;
- Закон за работни односи - објавен во Службен весник 62/2005 од 28.07.2005 год. со измени 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016; 120/2018; 110/2019; 267/2020; 151/2021; 288/2021; 111/2023; 39/2025; 74/2025; 124/2025;

- Закон за административни службеници- објавен во Службен весник 27/2014 од 05.02.2014год. со измени 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 80/2016; 127/2016; 142/2016; 2/2017; 16/2017; 11/2018; 275/2019; 14/2020; 215/2021; 99/2022; 208/2024; 210/2024;
- Закон за вработените во јавниот сектор – објавен во Службен весник 144/2025 од 17.07.2025год. и измени 252/2025;
- Статутот на Установата;
- Програма за рано учење и развој (Сл.Весник на Р.Македонија бр.46/14)
- Програма за рано учење и развој за деца со пречки (Сл. Весник на Р.Македонија бр.82/15)
- Програма за едукација на деца од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца, со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна (Сл.Весник на Р.Македонијабр.98/14)
- Упатство за планирање на активности од програмата за рано учење и развој за стекнување на здрави животни навики и безбедно однесување кај децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца.
- Упатство за реализација на програмата за рано учење и развој и достигнување на стандардите за рано учење и развој преку вклучување на традиционални игри во установите.
- Стандардите за рано учење и развој.
- Тезите за изготвување на Годишен Извештај за работата на ОЈУДГ во Република Македонија според БРО

2. Организација, внатрешно уредување и услови за работа на градинката

Градинката својата дејност ја остварува во 8 објекти, од кои 6 се лоцирани на територијата на Општината Велес и истите се наменски и функционално изградени и во целост одговараат на нормативите и стандардите за објекти од ваков вид. Објектот 7 е сместен во други просторни услови во Општина Градско, а со работа започна во 2013 година. Објект 8 со работа започна во месец јули 2018 година во село Караслари. Општите и заедничките работи на објектите се остваруваат преку заедничките служби на градинката, кои просторно се сместени во дел од објектот 2 „ Сонце “.

Постоечкиот простор на објектите на установата нуди добри архитектонско-функционални услови за вршење на дејноста. Објектите се просторни и соодветно лоцирани во различни делови од градот и овозможуваат лесна

непосредна комуникација за организирање на сите процеси на работење и непречено реализирање на програмските цели и задачи.

Својата дејност Установата ја врши во следните организациони единици:

Објект 1 „Маргаритки" - ул. „Трајко Панов" бр.15 со капацитет од 125 деца. Престојуваа **102 деца** сместени во 5 групи од кои 1 јаслена;

Објект 2 „Сонце" - ул. „Тодор Христов-Офицерчето" бр.1 со капацитет од 260 деца. Престојуваа **371 деца** во 14 групи од кои 2 јаслени;

Објект 3 „Детелинки"- ул. „Тодор Јанев" бр.7 со капацитет од 255 деца. Престојуваа **196 деца** во 8 групи од кои 1 јаслени;

Објект 4 „Дизни" - ул. „Благој Ѓорев" бр.215 со капацитет од 120 деца. Престојуваа **166 деца** во 6 групи од кои 1 јаслена;

Објект 5 „Ѕвездички"- ул. „Архиепископ Михаил" бр.158 со капацитет од 100 деца. Во текот на изминатата година престојуваа **123 деца** во 5 групи од кои 1 јаслена;

Објект 6 „Ѕвончица"- ул. „Коле Цветков" бр.6 со капацитет од 125 деца. Престојуваа **126 деца** во 5 групи од кои 1 јаслена;

Објект 7 „Кокиче" во Општина Градско –ул. „Маршал Тито" бр.68 со капацитет од 32 деца запишани се **30 дете** во една хетерогена група.

Објект 8 „Пинокио"-с. Караслари бб. со капацитет од 40 деца, запишани **8 деца** во една хетерогена групи.

Објект	Адреса	Сегашен капацитет	Број на групи	Број на деца
Објект 1	Трајко Панов бр. 15	125	5	102
Објект 2	Тодор Христов-Офицерчето бр. 1	260	14	371
Објект 3	Тодор Јанев бр.7	255	8	196
Објект 4	Благој Ѓорев бр.215	120	6	166

Објект 5	Архиепископ Михаил бр.158	100	5	123
Објект 6	Коле Цветков бр.6	125	5	126
Група во др.Прост.Усл. Објект 7	Општина Градско	32	1	30
Објект 8	с. Караслари	40	1	8
Вкупно:		1057	45	1122

Во функција на родителите, со цел згрижување на децата според нивните интереси и потреби како и изминатите години, и оваа година Установата ги понуди формите на згрижување кои досега се покажаа како најадекватни во нашата локална заедница: целодневен, полудневен, скратени програми, пилот програми и вонинституционални форми за активности со деца.

2.1. Реконструкции и санации

Според Одлука на Влада (Сл. весник бр. 51/2005) за пренесување на основачките права и обврски над постојните јавни установи за деца-детски градинки на општините, шесте објекти на ОЈУДГ „Димче Мирчев" се во сопственост на Општина Велес. Поради времето на нивната изградба и траењето на нивното користење, истите бараат реконструкции и редовно одржување кое е поврзано со големи финансиски средства.

Во текот на 2025/26 година извршени се повеќе реконструкции и санации:

САНАЦИЈА РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОПРЕМУВАЊЕ ВО ОЈУДГ ДИМЧЕ МИРЧЕВ ВЕЛЕС

2025/2026 ГОД.

Ред.	Објект	САНАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА	Износ	Година

бр.				
1.	Сите објекти	Униформи и обувки	531.000,00	2025 г.
2.	Сите објекти	Опремување на систем за аларм и видео надзор	408.332,00	2025 г.
3.	Сите објекти	Кујнска опрема	360.844,00	2025г.
4.	Објект 2, 4, 1, 6, 3	Санација на кров во Објект 2, градежно-лимарски работи за санација во објект 4, реконструкција на водоводни и ентериерни делови во Објект 2,1,6 и 3	2.415.927.00	2025/26г.
5.	Објект 6	Набавка на опрема за уредување на сензорна соба	650.413,00	2025г.
6.	Сите објекти	Набавка на персонални компјутери, блутут звучници, принтери, таблети, опрема за мрежна инсталација	1.082.936,00	2025/26 г.
7.	Сите објекти	Набавка на детски маси, столчиња, клупа,шкаф со 3 и 6 врати, канцелариски столици	711.417,00	2025г.
8.	Сите објекти	Нови ПП апарати	88.240,00	2025г.
9.	Сите објекти	Набавка на игровна опрема (дрвени лизгалки, перничиња, висинометар, плакари, сложувалки) и дидактички материјали	1.786.103,00	2025/26г.
11.	Сите објекти	Набавка на детски постелнини, детски сообраќајни елеци и детски заштитни мантили	223.787,00	2026г.

13.		Завршна приредба „ДМ ШОУ“ и костими за деца	943.877,00	2026г.
14.		Набавка на садници	118.000,00	2026г.
15.		Изработка на елаборати • Проценка на ризик на работно место • Сертификати • Испитување на нисконапонски електрична инсталација	141.600,00	2025/26г.
		Семејна авантура под отворено небо	354.000,00	2025г.
16.		Исплата на јубилејни награди согласно Колективен договор	1.097.477,00	2025/26г.
17.		Креативни пакетчиња за секое дете за Нова година	455.793,00	2025г.

Како ОЈУДГ „ Димче Мирчев“ – Велес во соработка со поширокатa општествена заедница и стручните институции примени се повеќе донации:

Донации кои што беа добиени во изминатата воспитно-образовна година се:

1.	Донација	25 Детски креветчиња „РЕКС“со Душек	/	2025г.	ДММ Дрекслмајер Мануфакторинг
2.	Донација	Сетови за игра		2025г.	МСПДМ, UNICEF МК, Stiftung Kinderforderung
3.	Донација	Употребен канцелариски мебел		2025г.	Тутунска банка
4	Донација	Новогодишни пакетчиња за		2025г.	Општина Велес

		сите деца			
5	Донација	Прочистувач за воздух		2026г.	Општина Велес

2.2. Уредувањето и одржувањето на дворните површини

Во поглед на уреденоста на дворните површини превземени се следните активности:

- Одржување и уредност на тревните површини;

- Одржување на постоечките реквизити во сите објекти

- Одржување на оградата на дворовите и поправка на истите

- Хортикултурно уредување на просторот околу објектите што значи дека во континуитет се уредуваат дворовите, тревата, жардињерите, дрвјата, грмушките;

- Градините се оплеменуваа тековно со сезонски садници и расади. Грижата и одговорноста за одржување на истите вработените ја споделуваа со дечињата од поголемите возрасни групи.

Најголем дел од средствата се вложени во подобрување на условите за престојна децата во сите објекти на градинката, што е приоритет на установата.

Дворните површини во сите објекти се користени за утринска гимнастика, набљудувања, спортски игри и натпревари, одржување активности на воздух, игра, забава и рекреација на децата.

2.3. Дидактички и игровен материјал

Установата работеше по Програма за рано учење и развој која е целосно ориентирана на потребите на децата и семејствата, што подразбира создавање на стимулативна средина која постојано ќе го поттикнува секој сегмент од детскиот развој. Тоа може да се постигне доколку децата престојуваат во средина полна со дидактика и игровен материјал како основни средства за игра и учење.

2.4. Библиотечниот фонд

Приоритет на збогатување на литературата оваа година се даде на сликовниците како основни помагала за децата од оваа возраст. Во секоја од групите обезбедени се нови наслови на детска литература, а обезбедени се нови наслови на стручна и детска литература во сите објекти, кои особено беа корисни за реализација на проектите и останатите дневни активности.

Покрај дел од изданијата за деца, во библиотеката се наоѓа и стручна литература од областа на современа детска педагогија и психологија секогаш достапна на воспитно-згрижувачкиот тим за подигнување на воспитно-образовниот процес на повисоко и современо ниво.

Во текот на годината како работен лист и детско списание децата на возраст од 5-6 години го користеа списанието „Ѕвездички“, децата на возраст од 4-5 години, списанието „Месечко“, а децата на возраст од 3-4 и 2-3 години списанието „Супер Смешка“. Изборот на детски списанија е направен со одлука на Совет на родители по препорака на Стручниот совет во установата, а користењето на детските списанија е факултативно, по избор на родителите.

3.Прегледи за бројот на вработени и ангажирани лица

ПРЕГЛЕД

На бројот на вработени и ангажирани лица во установата на работите
за остварување на дејноста (работно место) и според фактичката стручна подготовка

(состојба 31.05.2026 година)

Р. Бр.	Општини	Вкупно	Фактичка стручна подготовка					
			Неопредe-лено време	Договор на дело	Определено време	Агенција за привремени вработувања	Итни и неодложни работи	Волонте
1	2	3=4+5+6+7+8+9	4	5	6	7	8	9
1	**Раководни работници**							
	Директор	1	1					
	Раководител на објект	5	5					
2	**Стручни работници**							
	Педагог	1	1					
	Психолог	1	1					
	Социјален работник	1	1					
	Дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор	2	2					
	Логопед	2	2					
	доктор по медицина							
	Педијатар							

	доктор на стоматологија							
	др. Стручни работници							
3	**Згрижувачки кадар**							
	Негувател	64	57	7				
	негувател кој работи во група со деца со посебни потреби							
	негувател кој работи во група во која има и деца со посебни потреби							
4	**Воспитен кадар:**							
	Воспитувач	30	30					
	воспитувал кој равоти во група со деца со посебни потреби							
	воспичуват кој работи во група во која има и деца со посебни потреби							
	помошник воспитувач за група на деца со посебни потребни							
5	**Стручни соработници**							
	музички педагог	1	1					
	дипломиран ликовен педагог							
	педагог по физичко воспитување							
	медицинска сестра							
	дипломиран професор по странски јазик и книжевност							

	социјален работник (VI степен)							
6	**Административен кадар:**							
	Благајник							
	администратот кој врши благајнички и други административни работи (архивар и сл.)							
	Секретар	1	1					
	Правник							
	Економист	1		1				
	материјален книговодител	1	1					
	книговодител кој врши и други работи							
	финансов книговодител							
	аналитичар-евидентичар							
7	**Готварски кадар:**							
	главен готвач							
	Готвач	3	3					
	помошник во кујна							
	помошник готвач во главна кујна	2	2					
	помошник готвач во чајна кујна	5	5	1				
	садмијачка-сервирка	2	2					
8	**Друг технички кадар:**							
	домаќин-возач	1	1					
	набавувач-возач							
	ложач на парни котли							

	ракувач на парни котли							
	ракувач на парни котли кој е и ложач							
	хаус-мајстор	1	1					
	градинар-чувар	3	3					
	Шивачка							
	Перачка							
	Пеглачка							
	Магационер	1	1					
	Хигиеничар	21	21					
	ВКУПНО:	151	142	9				

4. Организација на работата во јаслените групи и градинката

4.1. Организација на работата во јаслените групи

Поаѓајќи од уверувањето, колку се важни раните години од животот на детето, и колку овој период игра значајна улога во формирањето на неговата личност, изминатата година во градинката се трудевме да овозможиме максимални здравствено-хигиенски услови за правилен раст и развој за децата згрижени во јаслените групи.

Занималните во кои престојуваат децата се опремени со инвентар, дидактички материјал и играчки што одговараат на децата на оваа возраст.
Просторните услови во кои работат јаслените групи во потполност се сообразени со стандардите и нормативите за овој вид на дејност и возраст и во рамките на објектите се просторно издвоени како одделни целини.
Воспитните групи се опремени со мебел сообразен со возраста на децата и утврдените нормативи и стандарди и истиот перманентно се обновува според потребите. Играчките и другите дидактички средства се сообразени со возраста на децата и истите имаат голема улога во развивање на емоционалниот и моторниот развој на децата.

Негата, исхраната и развојот од сите аспекти на децата од 0-24 месеци се организираше единствено со целодневен престој. Програмата за работа се реализираше преку воспитно-образовни игровни активности, згрижувачки и превентивно - здравствени, согласно на програмската поставеност на јаслените групи, како и најновите психолошко - педагошки сознанија за раниот развој на децата.

За време на негата и згрижувањето на децата им помагаме да учат низ 5 клучни развојни домени:

- Моторен развој и стекнување здрави и безбедни навики,
- Социо-емоционалниот развој,
- Развој на јазикот и стекнување на вештини за комуникација,
- Пристап кон учење и мотивација за учење нови работи,
-Когнитивен развој и стекнување нови знаења.

4.2. Организација на работата во детската градинка

Воспитните групи за деца на возраст од 2 до 6 години се формираа во месец септември, според законската регулатива и фактичката состојба.

Во месец септември се распредели постоечкиот воспитно-згрижувачки кадар и се формираа вкупно 45 групи од кои 38 градински и 7 јаслени групи.

Просторните услови во кои се реализираше воспитно-згрижувачката дејност се задоволителни, па затоа децата имаа одлични услови за престој, слободни активности, игри и воспитно-образовна работа. Сите воспитни групи беа опремени со соодветен мебел сообразен со возраста на децата, куклени катчиња со играчки, а секоја група располагаше со богат и разновиден дидактички материјал, што значи дека децата престојуваа во високо стимулирачка средина. При опремувањето на групите со мебел на преден план беше определбата за овозможување безбедена средина и доволно простор за слободно движење кое е неопходен за децата на предучилишна возраст, игри и учење на децата.

Воспитувачите и негователите се грижеа за холистичкиот развој на децата како и за приоритетните потреби за детскиот развој. Во планирањето на воспитните активности се внимаваше за комплементарната поврзаност и меѓусебна условеност на сите домени, кои беа база на холистичкиот пристап за рано учење и развој на децата.

Во Градинката секогаш се водеше сметка за воспоставување и примена на поттикнувачкиот фактор кај децата, исполнување на нивните желби и потреби, слободниот пристап кон игра и истражување, а се креираше и применуваше инспиративен материјал. Децата беа поттикнувани пред т.н. проблем ситуации при што преку игра се учеа на решавање на едноставни и посложени ситуации во нивното опкружување. Со богати интелектуални ситуации се поттикнуваше детската љубопитност и се насочуваа на размислување и решавање на проблемите.

4.3. БРОЈНА ПОЛОЖБА НА ДЕЦАТА И ГРУПИТЕ ВО ПРЕДУЧИЛИШНАТА УСТАНОВА (состојба 31.05.2026)

ОЈУДГ" Димче Мирчев"-Велес	Објект	Капацитет	Опфатенидеца	Јасли				Градинка														ВКУПНО	
				0-24 месеци		Вкупно Јасли		Возрасна група на деца од 2-3 год		Возрасна група на деца од 3-4 год		Возрасна група на деца од 4-5 год		Возрасна група на деца од 5-6 год.		Хетерогена група 2-6 год.		Скратена форма		Деца со развојни	Вкупно градинка		
				Групи	Деца	Групи	Деца	Групи	Деца	Групи	Деца	Групи	Деца	Групи	Деца	Групи	Деца	Групи	Деца	Деца	Групи	Деца	Групи	Деца
	1	125	102	1	18	1	18	1	15	1	25	1	25	1	19			1	1	7	4	84	**5**	**102**
	2	260	371	2	51	2	51	3	63	3	83	3	92	3	82			1	1	16	12	320	**14**	**371**
	3	180	196	1	25	1	25	2	38	2	47	2	55	1	31			3	3	11	7	171	**8**	**196**
	4	120	166	1	27	1	27	1	27	1	30	1	29	1	29	1	24			9	5	139	**6**	**166**
	5	100	123	1	20	1	20	1	23	1	27	1	26	1	27					5	4	103	**5**	**123**
	6	125	126	1	21	1	21	1	23	1	29	1	25	1	28					8	4	105	**5**	**126**

	7 ГРАДСКО	32	30												1	30				1	30	**1**	**30**
	9 КАРАСЛАРИ	40	8												1	8				1	8	**1**	**8**
	ВКУПНО	**982**	**1122**	**7**	**162**	**7**	**162**	**9**	**189**	**9**	**241**	**9**	**252**	**8**	**216**	**3**	**62**	**5**	**5**	**56**	**38**	**960**	**45**	**1122**

Забелешка: Децата од колоната “деца со развојни потешкотии“ веќе се пресметани во бројот на групите

5. Реализација на програмите за воспитно-образовната работа

Нашата установа ја реализира Програмата за рано учење и развој и Стандардите за рано учење и развој. Покрај оваа програма во установата се спроведува и Програмата „Еко-градинка”-Интеграција на еколошката едукација на македонскиот образовен систем.

5.1. Реализација на воспитно-образовната работа во воспитните групи

Годишната програма за работа на ОЈУДГ „Димче Мирчев”-Велес е донесена во Септември 2025 година. Во нејзината подготовка учествуваа стручните работници и соработници, а истата беше усвоена од страна на Управниот одбор на Установата и Советот на Општина Велес.

Воспитно-образовната работа со децата се реализира врз основа на Програмата на рано учење и развој и согласно Стандардите за рано учење и развој.

Програмата е заснована на холистички пристап и се посветува внимание на следните домени:

- Физичко здравје и моторен развој,
- Социо-емоционален развој,
- Развој на пристап кон учење,
- Развој на јазикот, описменување и комуникација,
- Когнитивен развој и стекнување на општи знаења.

Врз основа на оваа програма се изготвуваа годишно планирање: долгорочни, среднорочни-тематски и краткорочни-дневни оперативни планови.

При планирањето на активностите за децата, се почитуваа општите цели за развојниот период на детето до 6 години, и тоа:

- создавање работни навики;
- да развива сопствен пристап и стил кон учењето;
- да се поттикнува интерес за користење на различни форми и извори на информација;
- да се развиваат способности за самостојно користење на внатрешна мотивација за изведување на посложени задачи;
- да се поттикнува кон селективно избирање активности од повеќето што му се нудат, согласно со личните интереси и начинот на разбирање и прифаќање;
- да се развива способност за започнување на одредена активност и истрајност во реализацијата во нејзиното завршување;
- да се охрабрува за изразување на креативност низ процесот на учење и развој;
- да се развива способност за користење на искуства базирани на претходни знаења, во градењето на личен пристап;
- создавање позитивни емоции, задоволство по завршената работа.

Во корелација со Програмата за рано учење и развој се реализира и Програмата Основи на социјална кохезија и културен дијалог која се состои од два модули, Модул1:Социо-емоционален развој и Модул2:Конструктивистичко учење-учење низ игра

За успешна реализација на Програмата за ран детски развој функционираат и професионалните заедници за учење кои се формираат во зависност од потребите за поквалитетна педагошка работа со децата.

5.2. Реализација на интерни проекти со децата во Установата

Во најопшта смисла проектите се план или збир на интелектуални и практични активности, поврзани и испреплетени меѓу себе. Главна цел на овие активности е да ги поттикнат речиси сите компоненти на детскиот развој го поттикнат интересот, љубопитноста, креативноста, фантазијата и пред се прошират дијапазонот на сознанија.

Истражувањата говорат дека проектните активности се едни од најуспешните и за децата најинтересен начин на учење.

Поради тоа што голем дел од она што децата го учат во предучилишна возраст го учат брзо и лесно, детската љубопитност воспитувачот ја негува и поттикнува, имајќи во предвид дека детето никогаш нема да научи толку многу и за кратко време како во предучилишна возраст.

Децата работејќи на проектот имаат можност да набљудуваат, прашуваат, истражуваат и со тоа доаѓаат самостојно до одредени заклучоци, ги прошируваат своите сознанија во рамките на можностите, ги откриваат причинско-последичните врски помеѓу предметите и појавите, т.е. активно и самостојно да учат, активирајќи ги при тоа своите способности.

Оваа година се реализираа проектни активности во возрасните групи од 4-5 и 5-6 години на следните проекти:

5.2.1. Проект ,, Јас и мојот свет - семејство” се реализира со деца на возраст од 4-5 години во соработка со стручна служба и воспитно-згрижувачкиот тим од горе наведената возрасна група. Проектот ќе се реализира во периодот од октомври до мај 2025/2026год., координатори на проектот е Веселинка Лучкова – воспитувач.

Основна цел на проектот

Со низа креативни и истражувачки активности ќе гипоттикнеме децата да ги изразат своите искуства, да се чувствуваат како дел од своето семејство и заедница и да ја развиваат креативноста. Со овој проект, ги охрабривме децата да ги делат своите искуства и да ја истражуваат важноста на односите во семејството и заедницата.

Целите на овој проект преку зададените активности беа:

- Развивање на свеста за семејството: Децата да научат за различните типови типови на семејства, нивните улоги и важноста на семејната поддршка;

- Запознавање со општествена заедница: Да истражуваат какви услуги, активности и ресурси нуди нивната заедница (паркови, библиотеки, училишта);

- Подобрување на комуникациските вештини: Децата да практикуваат како да се изразуваат и да комуницираат со други, при што ќе учат како да слушаат и почитуваат различни перспективи;

- Засилување на чувство на припадност: Проектот би помогнал во градба на чувство на припадност во семејството и заедницата, поттикнувајќи ги децата да се вклучат во активности кои промовираат единство и соработка;

- Стимулација на креативноста: Децата имаа можност да создаваат уметнички дела, колажи или приказни кои ги споделуваа со групата, истражувајќи ги своите искуства.

Овој проект беше одличен начин да се поттикне развојот на децата, да им се помогне да се поврзат со околината и да се подобри нивната социјална свест.


Остварени цели на проектот:

Овој проект е одличен начин да се поттикне развојот на децата, да им се помогне да се поврзат со семејството и заедницата преку игра, истражување и уметност. Семејството е нашето прво училиште за љубов и поддршка, а заедницата е простор во кој децата растат и учат за соработка, почит и различност.

ОКТОМВРИ

„Јас и моето семејство“

1. Сликовница: „Јас и моето семејство“ (изработка на приказна – сликовница во соработка со родители)


2. Театарска игра „Кој што прави дома? – децата во улоги на мама, тато, баба, дедо.“





НОЕМВРИ

„Топлината на семејството“

1. „Еден ден со мама и тато во градинка“ – отворен ден со креативни активности




2. „Приказни со баба и дедо“ – читање и раскажување бајки од нивното детство




3. „Зимница со баба“ – посета/работилница (правење салата, компот или макета од пластелин)





ДЕКЕМВРИ

„Даваме љубов, создаваме радост“

1. Хуманитарна работилница/собирна акција „За сите деца“ – собирање храна и играчки, креативно пакување со цртежи





2. „Новогодишно ателје“ – украсување на занималната/изненадување во соработка со родители





3. „Колачињата на мама/баба“ – правење и украсување





ЈАНУАРИ

„Зимски радости“

1. „Зимски лудории“ – натпреварувачки игри





2. „Што прават дада и бато?“- посета на училиште




ФЕВРУАРИ

„Семејството е љубов“

1. „Имаме миленичe“ – разговор за грижа кон животните и дружење со миленичe





2. „Што работат мама и тато?“ – посета на работни места и презентација во градинка





3. „Срце за моето семејство“ – изработка на големо колективно срце со отпечатоци од дланки





МАРТ

„Јас и мојот град“

1. „Мојот град се вика...“ – прошетка и макета од куќи, улици, паркирање




2. „Мала градска изложба“ – децата изложуваат свои цртежи на тема Велес





АПРИЛ

„Култура и традиција“

1. „Ден во библиотека“ – запознавање со книги, читање приказни





2. „Приказна за добар сон“ – гости од библиотека во градинка





3. „Велигденски обичаи“ – бојадисување јајца, паскажување семејни традиции



МАЈ

„Да прославиме“

1. „Меѓународен ден на семејството“ – отворен ден со родители (редење сложувалки, натпревари во тимови, трка со вреќи)



2. „Семејна уметничка галерија“ – изложба на слики, фотографии и колажи од семејства



3. Завршна активност „Мојот свет со љубов и другарство“ – песна, танц и претставување на делата од проектот



5.2.2. Проект ,, Малите граѓани на големиот град” ОЈУДГ „Димче Мирчев“-Велес оваа воспитно-згрижувачка година го реализираше проектот „ Малите граѓани на големиот

град”, во која целна група беа децата на возраст од 5 -6 години. Проектот се реализираше во периодот од месец октомври 2025 год., до месец мај 2026 год. За успешна реализација на проектот се погрижи стручната служба и воспитно-згрижувачкиот тим од групите на соодветна возраст на децата, координатор на проектот беше Милена Вчкова –прип. воспитувач.

Остварени цели на проектот:

Преку овој проект децата научија дека градот не се состои само од згради и улици. Тој е жив систем составен од институции, служби и луѓе кој овозможуваат неговите жители без разлика на возраста да живеат, учат, растат и созреат. Преку овој проект на децата им беа отворени вратите на градските сервиси и институции.

Опис на проектот

Проектот **„Малите граѓани на големиот град“** им понуди на децата од 5–6 години едукативно и практично искуство, преку кое воспитувачите и локалните чинители ги отвораат вратите на градските сервиси и институции. Градот не се состои само од згради и улици, туку претставува жив систем составен од институции, служби и луѓе кои овозможуваат неговите жители да живеат, учат, растат и созреваат. Благодарение на непосредното искуство, децата ја градеа својата доверба, љубопитност, чувство на припадност и разбирање за општествените структури кои ги опкружуваат. Истражувањата покажуваат дека раното изложување на институционалната средина и конкретните примери ја стимулира детската емоционална и когнитивна едукација, вештините за соработка и комуникација и чувството на одговорност кон заедницата. Преку интеракција со различни професионалци и посети на институции, децата искуствено учеа да го разбираат и да се поврзуваат со градот како жив организам.

ОКТОМВРИ

1. Здравствен центар - „Чувари на здравјето“ (посета и разговор со медицинско лице)




2. Библиотека - „Книга со градот“ (книги, разговор со библиотекар)





НОЕМВРИ

1. Полиција – „Пријател на безбедноста“ (посета на станица, разговор со полицаец)





2. Земјоделие – „Во посета на фарма“ (екскурзија и практично искуство)



ДЕКЕМВРИ

1. „Градот низ нашите очи“ (макета/соработка со родители)



2. Здрава исхрана – „Во кујната со нутриционист“ (работилница за здрави навики)



ЈАНУАРИ

1. Екологија – „Рециклираме за идninата“ (работилница за рециклирање)



2. Локална уметност – „Уметност и боја“ (работилница цо локален уметник)





ФЕВРУАРИ

1. Пошта – „Пратка од мали рачиња“ (поштенски процес, испраќање картички)





2. Јавен транспорт – „Каде оди автобусолт/возот?“ (посета на автобуска/железничка станица)





МАРТ

1. „Општината и малките граѓани“ (посета на општинска зграда)





2. Градски зелен простор – „Дрво по дрво“ (посета на парк и садење дрвце)



АПРИЛ

1. Културни установи – „Музејски приказни“ (посета на музеј/културен центар)



2. Локални бизниси – „Од житница до лебчиња“ (посета на пекара, работилница)



МАЈ

1. „Каде оди водата?“ (посета и објаснување на системот)



2. Противпожарна служба – „Смел пожарникар“ (демонстрација на опрема и возила)



ЈУНИ

1. Енергија – „Како доаѓа светлото?“ (посета на електродистрибуција)
   - Не е реализирана
2. „Мали граѓани – големи соништа“



5.2.3. Проект : „ Спортуваме другаруваме“

Проект „ Спортуваме другаруваме“ во нашата установа ОЈУДГ Димче Мирчев – Велес се реализира 15 години по ред, координатор на проектот е Александра Андоновска Јанева – раководител.

Цел на проектот :

• Воведување во разни спортови и запознавање со некои спортски реквизити;

• Доближување на децата од рана воздраст до спортот, како здрав начин на живот;

• Развивање и усовршување на : фаќање, фрлање, тркалање, трчање, скокање, качување, симнување, провлекување;

• Запознавање со спортските објекти во нашиот град;

• Здобивање на елементарни знаења за болестите и повредите и можните начини за нивно одбегнување;

• Усвојување знаења за потребата од телесни и спортски активности ;

• Влијание на нормален (непречен) раст и равој на органите и организмот во целина;

• Зачувување, подобрување и усовршување на здавјето на детето – очеличување на организмот;

• Подобрување на способноста за ориентирање во просторот;

• Развивање на хигиенските навики;

• Задоволување на биолошките потреби на детето за движење;

• Оспособување за самоконтрола на движењата;

• Влијание на развој и усовршвање на основните природни движења;

• Влијание на усвојување на нови (изведени од приридни) движења;

• Оспособување движењата да ги започнува и завршува заедно со другите и координирано;

• Влијание на развој на психичките птоцеси;

• Влијание на развој на позитивни црти на личноста (волја, карактер);

• Воочување дека доброто здравје , здравата, пријатна и пријателска средина придонесуваат за ведро распоожение;


• Влијание на развој на позитивни емоци.


Проектот се состои од запознавање и откривање на спортовите на децата од предучилишната установа на возраст од 4-6 годишна возраст.

Преку овој проект децата се запознаваат со повеќе видови спортови и нивните карактеристики, се запознаат со спортските терени, игралишта во нашиот град. Покрај активностите предвидени се и предходни разговори со децата за воведување и доближување до темата спорт.

Оваа година проектот беше реализиран со децата од 5 – 6 годишна возраст (поради безбедност при реализирање на сите активности) на градски базен „Капри пул“ – Велес преку школа за пливање, интересни и забавни активности во вода. Децата ги развиваа моторичките способности, ја зајакнуваа самодовербата, учеа за безбедно однесување

во вода и уживаа во заедничката игра и дружење. Проектот се реализираше во соработка со Сојуз на училишен спорт Велес 2002 , стручни лица за реализација на активноста(професори по физичко и здравствено образование, со пливачка лиценца, спасители), демонстрации и презентации согласно возраста на децата, обезбедување соодветни спортски реквизити.





5.3. Проект „Вклучување на деца-Роми во Јавните општински установи-Детски градинки во Република С. Македонија”

Проектот повеќе години се реализира во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Општина Велес. Оваа година проектот се реализираше само во Објект 6 „Звончица“. Вклучување на децата Роми во градинка како проектна активност, оваа година започна во месец декември 2025 г. и се реализираше до месец јуни 2026г. По проектот беа обезбедени места за 15 деца, градинка посетуваше само 1 дете. Овој проект на децата Роми им обезбедува бесплатен престој во градинка во целодневна форма. Напредокот кај овие деца е очигледен, особено во совладување на македонскиот јазик, активно учество во сите дневни активности и целосно ангажирање во процесот на учење низ игра. За жал оваа година интересот за вклучување деца Роми во градинка беше многу мал.

5.4. Еко проект за воспитно-образовна година 2025/2026

Овој Проект се реализираше со голема група (5-6) и средна група (4-5) и беше

наменет за подобрување на изгледот на околината во која престојуваме, за развивање

на еколошката свест и грижа и чување на околината од страна на дечињата.

Цели:

- Заштита на животната средина и нејзина интеграција во воспитно-образовниот

Систем

- Подигнување на свеста кај дечињата уште од најрана возраст за заштита на

животната средина кај нивните родители, учителки, негователки и други

вработени;

- Рационална употреба на енергијата
- Рационална употреба на водата
- Намалување на отпадот

Во текот на оваа воспитно-образовна година се реализираа следниве активности:

- 16.09.2025 – Европска недела на мобилност – Спортско-едукативна работилница во

соработка со Спортска Академија Јуниор на спортскиот терен во Дворови „ Здрави

деца, среќни деца“






- 16.09.2025 – Светскиот ден за заштита на озонската обвивка – Ликовна работилница



- 19.09.2025 – Интернационален ден на мирот - Со песнички,цртежи и игри ,со срца големи и рачиња мали, децата испратија порака: „Мирот започнува од нас! “






- 22.09.2025 – Ден без автомобили – Со час по сообраќајна култура во соработка со МВР-СВР Велес и децата од Објект 5 Ѕвездички го одбележавме крајот на Европската

недела на мобилност и Меѓународниот ден без автомобили



- 26.09.2025 – Еко активности во нашиот двор – Дечињата учествуваа во разни еко активности – засадија цвеќе, собираа лисја, селектираа отпад, уредуваа зеленило и учеа како да се грижат за околината;



- 29.09.2025 – Еко патрола – Штедиме вода и струја!



- 09.10.2025 – Детска недела – Еко ден – Децата со голема љубов и креативност изработуваа еко изработки од рециклирани материјали и учествуваа во еко акција за почиста и поубава околина;



- 16.10.2025 – Ден на здрава храна – Дечињата

учеа, декорираа, сликаа, печатеа, лепеа, моделираа, вкусуваа и пееја на тема: „Здрава храна за детство без маана“



- 03.11.2025 – Светски ден на чист воздух – Децата учествуваа во активности со цел развивање на еколошка свест кај децата и значењето на чистиот воздух за здравјето



- 11.12.2025 – Зимска Еко Мисија Велес селектира – во соработка со Општина Велес и Тексомак собирна акција на текстилен отпад и селектирање во специјални контејнери






- 16.12.2025 – Работилница организирана од Биро за развој на образованието за директори и воспитувачи од детските градинки од Вардарскиот плански регион на тема: „Детски играчки – паметен и безбеден избор “– Еко играчки





- 11.02.2026 – Малите граѓани на големиот град – Активност: Екологија – рециклираме за иднината – работилница

19.02.2026 – Децата со насмевки, песна и игра ја проследија едукативната претстава

„Еко-авантура “во изведба на Продукција Триангл Пулс, како дел од големиот караван на Кожувчанка – Изворска.





- 19.03.2026 - Денот на пролетта и екологијата – Дечињата во градинка донесоа садници и ги засадија во дворчињата во сите објекти во чест на денот на пролетта.

- 22.03.2026 – Светски ден на водата – Да ја чуваме водата денес , за да имаме утре!




- 18.04.2026 – „Засади дрвце, засади радост!“ – Децата со своите родители засадија дрвца на местото Еко камп - Езеро Младост во соработка со Спортска Академија Јуниор, ПСШ Бабуна – Велес и ЈКП Дервен Велес.







- 22.04.2026 - Ден на планетата Земја – Децата покажуваат голема љубов кон природата со садење,рециклирање и грижа за околината





- 05.05.2026 – Едукативна театарска претстава „Тетка Марулка“ кај децата се поттикна свеста за значењето на здравата исхрана и грижа за животната средина





- 08.05.2026 – ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД во градинка организирана од компанијата „Мен енд маунтен“, со поддршка на Министерството за животна средина и просторно

планирање и ПАКОМАК Скопје и нашата установа зема учество како дел од настанот

под покровителство на Општина Велес, со собирна акција на стара хартија и пластика

во соработка со родителите.



- 05.06.2026 – Светски ден на животната средина



5.5.Завршна приредба 2026 „ДМ ШОУ“ реализирана со децата од 5 – 6 годишна возраст во дворот на објект 2 „Сонце“ . На истата земаа учество 233 деца. Приредбата има за цел на свечен начин децата да се поздравт со градинката и да продолжат во прво одделение.



5.6. Програми реализирани од надворешни соработници во Установата – Факултативни програми

Согласно интересите на децата и родителите во Установата се реализираа факултативни активности од областа на:

-Англиски јазик

-Ритмика и кореографија

-Спорт и рекреација

Изборот на реализаторите на факултативните активности го врши Советот на родители.

Активностите за изучување на **англиски јазик** беа реализирани во шест објекти на градинката од надворешен стручен соработник по англиски јазик Грозданка Карпузова, по

програма наменета за деца од предучилишна возраст. Со оваа програма беа опфатени децата на возраст од 4-6 години.

Програмата е приспособена за возраста и способностите на децата. Децата низ игра ги учат основите на англискиот јазик и се мотивираат за стекнување нови знаења.

Работата со децата е во согласност со развојните детски можности и потреби, почитувајќи го принципот на постапност и систематичност. Особено е важно тоа што децата учат преку игра преку која им се даваат јасни, сликовити поттикнувања како што полесно и појасно би ги осознале новите зборови.

Содржините се реализираа преку детска игра со употреба на аудио и визуелни средства, образовни постери, слики и предмети во самата занимална како и набљудување и користење на разни реквизити во самата градинка.

Рекреативната програма **Ритмика и кореографија** која со децата ја изведуваше надворешниот соработник Антонио Ковачев и оваа година предизвика особен интерес и големо задоволство. Со оваа програма беа опфатени децата на возраст од 4-6 години.

Поставените цели на ова програма беа целосно реализирани и децата имаа можност да играат на детска и друга соодветна музика, да ги направат првите чекори во традиционалниот фолклор, да танцуваат на познати музички рефрени, да го пробаат класичниот балет, модерните танци и др.

Една од значајните задачи што овој тип на активности ги овозможуваат е созревањето за сценски изведби и настапи, ориентацијата во просторот, социјалната интеракција и можноста за јакнење на самодовербата. Во рамките на оваа програма е подготовката и реализацијата на ритмичките точки и кореиграфии со кои децата одвозрасните групи над 5-6 години, настапуваат на завршната приредба.

Физичко рекреативна програма **Спорт и рекреација** беше реализирана од надворешни стручни соработници-професори по физичка култура од Спортска академија ,,Јуниор“ проф. Славче Недев и проф. Зоран Кочов. Програмата се реализира со цел подобрување на психо-физичкиот развој на децата, превенирање на појава на телесни деформитети, запознавање со разни спортови и спортски дисциплини, подобро и поведро расположение на децата. Оваа изборна активност се спроведуваше еднаш во текот на седмицата преку физички и рекреативни активности со децата од 4-6 години.

6.Стручно усовршување на кадарот

Постојаното усовршување на нашиот воспитно-образовен систем, од реализаторите на воспитно-образовната програма бара активно вклучување и континуирано стручно и професионално усовршување на воспитно-згрижувачкиот кадар. Активното учество во професионалниот развој на практичарите им овозможува да се стекнат со нови знаења и вештини, да ги оформат ставовите и да ја збогатат својата личност. На тој начин воспитно-згрижувачкиот персонал ги развива своите компетенции, со цел да достигне висок квалитет во својата секојдневна работа во согласност со современите трендови и барања на предучилишната теорија и пракса.

Стручниот совет во изминатиот период разгледуваше документи на Установата од областа на дејноста: Годишна програма, Годишен извештај и полугодишен осврт на воспитно образовната работа, договори за конкретни активности.

Во текот на извештајниот период вработените ги посетија следните обуки:

- Обука на тема „Препознавање, справување и третман на деца со хиперактивно однесување во период на предучилишна и училишна возраст“ оваа обука имаше за цел препознавање и справување на децата со хиперактивно однесување. Во орагнизација на „АС АНИМА“. На оваа обука учевствуваа воспитувачи, негователи и стручни работници.
- Обука на тема „Улогата на педагогот и директорот во следење и вреднување на работата на воспитувачите“ со цел вреднување на работата на воспитувачите. Во организација на „HEIDELBERG-Скопје“. На оваа обука учевствуваа воспитувачи, стручни работници и директор.
- „Превенција на сексуално насилство врз деца“. Цели на обуката беа зајакнување на знаења и вештини за сексуално насилство. Во организација на КСЗД, БРО, Народен правобранител. Учевство земаа раководители и стручни работници.
- Семинар на тема ,,Безбедност во ракување со храна“ посетен од сите вработени во кујна, возач и магационер.
- Предавање на тема „Менопауза и неговото влијание“ во реализација на Д-р Виолета Николов со цел подигнување на свеста кај жените во менопауза. Учевство од воспитувачи, негователи и стручни работници.
- Обука на тема „Предизвици за вклучување на деца со доцнење во развојот“. Цел на обуката е унапредување на инклузијата во предучилишното образование. Во организација на Сојуз на дефектолози. Учевство зема стручниот тим.
- Обука на тема „Асертивна комуникација“. Во реализација на Д-р Македонка Виларова. Со цел унапредување на своите комуникациски вештини. На обуката присуствуваа Воспитувачи, негователи, раководители и стручниот тим.

- Работна посета на детски градинки на тема ,,Запознавање и воочување на работата во детските градинки во Р. Хрватска-членка на ЕУ, учество на директор и раководител.
- Обука на тема „Внатрешната мотивација на воспитувачите и негователите врз развојот на децата“. Целта беше да се дадат насоки за унапредување на мотивацијата на воспитно згрижувачкиот персонал во работата со децата. Обуката ја спроведуваше Ирена Д. Христов

7.Здравствена дејност

Здравјето и сигурноста на децата се основни приоритети за квалитетна воспитно-образовна работа. Целта на сите вработени беше, Установата да понуди високо квалитетни услови, како здравствени така и хигиенски, се со цел успешно воспитување и нега на згрижените деца.

Хигиената во објектите на градинката кои се дисперзирани низ различни делови на градот е на високо ниво, благодарение на целокупното залагање на сите вработени,а особено техничкиот персонал. При увидите извршени од страна на Санитарниот Здравствен инспекторат, констатирано е дека хигиената во објектите е на високо ниво, како и во просториите (занимални, трпезарии, холови, тоалети).

Дезинфекција во објектите се врши континуирано, додека редовната дезинсекција и дератизација во текот на годината се изврши во два наврати во сите објекти. Согласно конкретните потреби се вршеше и вонредна дезинсекција во објекти.

Во текот на месец април заради поголема безбедност на децата, во дворовите на сите објекти од страна на Центарот за јавно зравје - Велес беа поставени репеленти за змии.

Кај вработените се вршат редовни санитарни прегледи во Центарот за јавно здравје-Велес, согласно законските прописи. Исто така и кај сите вработените беа извршени редовни систематски прегледи во Центарот за јавно здравје-Велес.

Согласно законските прописи и укажувањата на Министерството за здравство, во градинка се вклучуваат и претстојуваат деца уредно вакцинирани по Календар на имунизација.

Кај децата од големата група беа извршени стоматолошки и систематски прегледи потребни за поаѓање во училиште во Одделот за училишна медицина при ЈЗУ „Здравствен дом”. Во рамките на Националната стратегија за орално здравје од страна на тимот за превентивна детска стоматологија при ЈЗУ Здравствен дом-Велес, и оваа година беа реализирани едукативни работилници со децата од возрасните групи од 5-6 години.

Истите имаа за цел да ги информираат и едуцираат децата за значењето на здравјето на забите преку правилна исхрана, хигиена, заштита и редовна посета на стоматолог.

Се реализираше и превентивен скрининг за вид на 40 деца од 4 до 6 години во Објект 1 „Маргаритки“ во соработка со „Лајонс Клуб“-Велес .

Реализација на офталмолошки скрининг за деца од 2 до 6 години во Објект 5 „Свездички“ во соработка со „Систина офталмологија“- Скопје

Воспитно-згрижувачките тимови вршат редовни антропометриски мерења на децата и на тој начин се следи растот и развојот на децата згрижени во градинка.

Психофизичкиот развој на децата се следи постојано преку водње на уредна документација во форрма на досие на секое дете.

Согласно Програмата за ран детски развој во планираните дневни активности, имплементирани се теми и содржини од здравствена заштита и здравствено воспитание и на тој начин децата добиваат информации и стекнуваат основни знаења за значењето на здравјето и здравите животни навики. Посебно внимание се посветува на значењето и консумацијата на здрава храна.

Значаен фактор при заштита на здравјето и правилен раст и развој на децата е **квалитетната храна.** Храната се подготвува во современо опремената главна кујна која функционира во рамките на објект 6, а во останатите објекти храната се дистрибуира до помошните кујни со возило кое единствено се користи за таа намена. Со доопремување и осовременување на централната и помошните кујни се постигнаа високи ефекти особено во делот на квалитетот на храната и брзината на нејзиното изготвување.

Квалитетот на храната и оброците континуирано се следи и контролира од страна на претставник-нутриционист од МСПДМ . Извештаите од истиот упатуваат дека и оваа година квалитетот на храната ги задоволуваше поставените стандарди.

8. Инклузија на деца со потешкотии во развојот

Една од определбите на современите градинки е **инклузија на деца со потешкотии во развојот**, што подразбира и настојување за подобрување и унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес и рехабилитацијата на децата со посебни потреби. Односно, тоа подразбира воспитно-образовна пракса која има пристап насочен кон детето, неговите интереси, способности, вештини и потенцијали.

Современите истражувања покажуваат дека навременото откривање, правилната функционална проценка, раните развојни стимулации и вклучувањето во воспитно-образовниот процес даваат позитивен ефект во развојот на децата кои покажуваат одредени развојни потешкотии. Долгогодишното наше искуство од работата со деца кои имаат потешкотии во развојот, докажа дека градинката е вистинско место и можност за поттикнување и стимулирање на детскиот развој, за што говорат и постигнатите

резултати кај поголемиот дел од децата вклучени во воспитно-образовната работа. Овој принцип на работа позитивно делува и кај останатите деца во групата кои уште од мала возраст учат да градат позитивен став кон лицата со посебни потреби.

Оваа година во градинката кај 56 деца беа детектирани потешкотии во развојот и со истите работеа двајца дефектолози од установата. Децата се на возраст од 2-6 години со различни видови на потешкотии: забавен психомоторен развој, дисхармоничен развој, потешкотии во говорниот развој (забавен говорен развој и развојна дисфазија, додека децата со артикулативни потешкотии и пелтечење се препратуваат на логопед), елементи од аутистичен спектар, деца со физички и моторни потешкотии и сл. Со нив се применуваше индивидуализиран принцип на работа од страна на дефектолозите, а воспитувачите процесуираа дел од активностите и содржините адекватни за нивните потенцијали.

Со дел од децата се спроведуваше и третман во Snoezelen собите, кои се специјално опремени и каде природата, интензитетот и количината на стимулусот е контролирана. Snoezelen се користи кај аутизам, растројства во развојот, повреди на мозокот како и за мали деца. Најчести истражувања се клиничките студии кои покажуваат дека во Snoezelen средината намалена е вознемиреноста и стереотипното однесување за 50%, а агресивното однесување и самоповредувачкото однесување за 75%. Овие соби се посебно дизајнирани да предизвикуваат кај децата, одмор, мир, добросотојба, задоволство и радост. Пријатното опкружување навраќа пријатни спомени. Со ова се зголемува потенцијалот за развивање на идеи.Бенефитот од постоењето на оваа соба секако не е само за децата со потешкотии во развојот туку за сите деца кои доаѓаат во градинката и кои би можеле да ја користат како една стимулативна средина и место каде на еден поинаков магичен свет можат да осознаваат и учат.

Раната возраст е период кога се развива говорот кај децата, така да градинката е исклучително значајна средина за развивање и стимулација на говорните вештини. Во овој предучилишен период се јавуваат и потешкотии во говорот кај одредени деца во смисла на задоцнет говорен развој, потешкотии и неправилности во артикулацијата на одредени гласови, потешкотии при формирање на правилна и граматички точна реченица, пелтечење и др. Оваа година во градинката беа детектирани 136 деца со потешкотии во говорот и неправилна артикулација на одредени гласови на кои што им беше потребен логопедски третман, реализиран логопеди од установата.

9. Културна дејност

9.1. Соработка со родителите

Установата практикува постојана соработка со семејствата и нивно активно вклучување во работата и комплетното функционирање на установата со цел воспоставување и одржување на партнерски односи фокусирани на децата и нивниот развој.

Примарните односи помеѓу градинката и семејството се воспоставуваа со секојдневна отвореност на Установата и редовна комуникација која беше реализирана низ повеќе форми :

-дневна комуникација со родителите

-пишана комуникација

-непосредно учество на родителите

-родителски средби

Дневната комуникација се реализираше преку секојдневните контакти со родителите при приемот и испраќањето на децата и се однесуваше на потребите, интересите на децата и други важни информации поврани сопрестојувањето во градинка и функционирањето на градинката.

Пишаната комуникација завзема добар дел од соработката со родителите. Континуирано родителите добиваат пишана информација за темата на реализација, за потребните материјали и очекувања од истата. Кај поголем дел од групите функционираат информативните табли на кои се истакнуваат секојдневните изработки на децата и информации значајни и интересни за родителите. Доста често беше користена и интернет комуникацијата преку веб страната, фејсбук профилот на Установата и затворените групи на соодветните воспитни групи.

На почеток на годината одржани се родителски средби во сите возрасни групи и во сите објекти на установата. Пракса на установата е вклучување на родителите сите активности кои тоа го дозволуваат и во работилници по разни поводи.

Драгоцена ни беше соработката со родителите во рамките на интерните проекти „Јас и мојот свет - семејство“ и „Малите граѓани на големиот град“ како и при реализирањето на настанот „Европска недела на мобилност“ и манифестацијата „Да ја поздравиме есента“.

Родителите во многу голем број учествуваа со изработка на книги заедно со своите деца на хуманитарниот детски саем на книги „Детски книги за широки насмевки“ кој се одржа во Локалната библиотека „Гоце Делчев“, а средствата кои беа собрани беа употребени за набавка на маски за давање прва помош при задушување.

Во голем број родителите учествуваа во Новогодишната работилница која се реализираше во просториите на градинките, на која заедно со своите деца изработуваа новогодишни украси и експонати.

По повод светскиот ден на љубовта кон домашните миленици во сите објекти гостуваа родители со нивните домашни миленици.

По повод доаѓањето на пролетта родителите донираа цветни садници во сите објекти.

Со креативни изработки родителите учествуваа и при одбележувањето на традиционалниот празник „Прочка“ и манифестациите „Новогодишен базар“, „Априлијада“ и „Велигденски базар“.

Родителите се значајни наши соработници во сите Еко настани и Еко акции за собирање на хартија, пластика, електронски отпад и искористени батерии. Родителите земаа активно учество и во Еко акцијата „Генералка викенд“, како и во акцијата „Засади дрвце, засади радост“ која се реализираше на езерото Младост, децата и родителите заедно со соработниците на установата засадија околу 3000 садници.

Воспоставената соработка со родителите ги следи современо ориентираните програми кои во родителите гледаат најважни партнери во создавање на подобри услови за развој на детето. И оваа година соработката со родителите беше на завидно ниво, беше постојана, отворена и спонтана и на тој начин се изгради и се негува однос на взаемна доверба од интерес за благосостојбата на секое дете.

9.2.Соработка со предучилишните установи од другите градови

Соработката со другите предучилишни установи е со цел унапредување на целокупната дејност во градинката, а се реализираше преку организирани на заеднички работни средби и учество на семинари и обуки каде контактите се непосредни со постојана размена на искуства.

9.3.Соработка со установи, институции и НВО

Во оваа воспитно образовна година контактите, соработката и заеднички активности и манифестации со други установи и институции беа многубројни, квалитетни и на завидно ниво со што се овозможија многу нови, интересни активностите и соработки со други институции.

Оваа воспитно образовна соработка се оствари со следните институции, установи и НВО:

- Соработка со Општина Велес во одбележувањето на првиот ден на Европската недела на мобилност со креативна работилница со спортско забавен карактер заедно со децата на спортското игралиште во Дворови и во дворот на Објект 5 „Ѕвездички“.
- Соработка со Општина Велес – учество на децата од сите големи групи со настап на „Питијада 2025“

- Соработка со Спортска академија „Јуниор“ направени се мерења и тестирања за моторички способности кај деца од 4 – 6 години.
- Соработка со гимназијата „Кочо Рацин“ на хуманитарен настан „Тоше во срце те носиме“ каде земаа учество децата од градинката.
- Во соработка со Општина Велес и „Пододекор“ – беа поканети дечињата од градинката во новоотвореното детско катче „Зоки Поки“
- Соработка со КУД „Коле Неделковски“ – одржани концерти во објект 2, 3, 4
- Соработка со ОМУ „Стефан Гајдов“ запознавање со народни инструменти и народни ора
- Во рамките на одбележувањето на Европската недела на мобилност во соработка со Општина Велес, Академија ЈУНИОР и „Стокомак“ .
- Локалната библиотека „Гоце Делчев“ - одржување на саем на изработени книги од децата и родителите „Детски книги за широки насмевки“ со хуманитарен карактер, по повод Месецот на книгата.
- Општина Велес и ТЕКСОМАК – Прилеп „Зимска еко мисија“ – селекција на текстилен отпад
- Биро за развој на образование – работилница за вработени на тема „Детски играчки – паметен и безбеден избор“
-Во соработка со Продукција Триангл Пулс Скопје децата ја проследија театарската претстава „Сонот на Алиса“, претставата „Трите мачки“, претставата „Веселата елка“ во соработка со „Кожувчанка ДОО“, а во продукција на Триангл Плус изведба на театарска претставата „Еко авантура“.
-Во соработка со театар Ј.Х.К. Џинот – Велес децата ја проследија претставата „Поштарска бајка“
- Во соработка со продукција Театар Хит ја следеа претставата „Тетка Марулка“
- Општина Велес и Детски рацинови средби – учество на децата со перформанс „Цветен пат за Рацин“ и чествување со „Рецитал за Рацин“ на настан во Спомен костурница.
- Соработка со ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес за реализација на практична настава на ученици од медицинската струка во училиштето.
- Фестивал „Златно славејче“- следење на фестивалското издание.
-Одбележување на 3 Декември- Меѓународен ден на лицата со попреченост одржани работилници во големите групи под мотот „Сите сме еднакви“.
-Соработка со Општина Велес предновогодишно дружење на децата со Градоначалникот и украсување на кабинетот
-Во соработка со Локалната библиотека „Гоце Делчев“ одбележан е Меѓународниот ден на читање бајки со читање бајки на децата од сите објекти.
- Соработка со Спортска академија „Јуниор“, ЈПЦ „Национални шуми“,ЈКП Дервен– еко акција „Засади дрвце, засади радост“

-Во соработка со ЕДУКИДО Велес одржани четири едукативни работилници со лего коцки во сите објекти на установата.

-Учество на Велиденски базар организиран од Општина Велес.

-Посета на Противпожарниот дом Велес по повод Денот на пожарникарите

- Општина Велес – Учество во акцијата „Генералка викенд“

- ЕДУКА МАК – учество на децата на ликовен конкурс „Мини креативци 2026“ за деца од 4-6 години.

- ООУ „Свети Кирил и Методиј“ – соработка по повод патрониот празник на училиштето со разни активности.

- Локална библиотека „Гоце Делчев“ – проектни работилници „Приказна за добар сон“ наменети за децата од 5-6 години во сите објекти.

- Општина Велес и ИФФ „Велес 2026“ – учество на дефилето и свеченото отварање на фестивалот.

- Општина Велес и Сојуз на училишен спорт 2002 – одбележување на 15години постоење со активности на децата на возраст од 5 до 6 години на градскиот базен.

- Со МСПДМ и Локалната самоуправа соработката се одвиваше континуирано, најчесто со консултативни разговори за теми поврзани со предучилишниот сектор.

9.4. Соработка со медиуми

Голем дел од настаните и активностите со децата се поставени и на YOU TUBE каналот на градинката и фејсбук страната на градинката, во согласност со родителите на децата.

9.5. Јавни манифестации на организацијата во изминатата година

Презентирањето на работата на градинката е една од можностите, родителите и пошироката јавност да дознаат повеќе за работата на истата, за креативниот и творечки потенцијал на вработените, а најмногу за светот на децата кој е единствен, привлечен и многу значаен.

Првиот ден од месец Септември во секој од објектите беше одбележан **Првиот ден во градинка** насловен како „Играме, учиме и растеме заедно“ со спортски игри, игри на креативните патеки, ликовни игри во дворовите на градинките и кратки драмски едночинки од страна на воспитниот кадар за добредојде на дечињата.

Оваа година за прв пат се реализираше манифестација под името „Семејна авантура под отворено небо“ – целта беше запознавање и дружење на сите деца и родители од сите објекти се со цел да бидеме едно големо семејство.

Свечено беше одбележан и **Денот на независноста на Р. Северна Македонија** со креативни ликовни работилници, рецитации и приредби во секој објект.

Првиот ден на **Европската недела на мобилност** во соработка со Општина Велес, Спортска академија ЈУНИОР и „Стокомак“ беше одбележан со спортско - забавен карактер заедно со децата на спортското игралиште во Дворови.

„Ден без автомобили“ беше одбележан со едукативни интерактивни работилници и испраќање на пораки за мир во сите објекти.

„Меѓународен ден на мирот“ го одбележаа децата од сите објекти, преку креативни работилници, активности за здрави животни навики и испратија низа пораки за мир.

Детската недела е првата полна недела од месец октомври која во цел свет се одбележува. Оваа воспитно-згрижувачка година Детската недела се одбележа од 06.10.2025г. до 10.10.2025г. По тој повод за секој ден се организираа одредени активности со цел запознавање на децата и пошироката јавност со значењето на Детската недела. Низ сите активности Во текот на Детската недела беа реализирани:

- Детски права и обврски
- Спортски ден (игри)
- Уметност (сликање, драма)
- Еко ден (хигиена, изработки)
- Музички ден

Децата од помала возраст учествуваа во активности организирани во објектите и на начин адекватен на нивната возраст ја одбележаа детската недела.

Децата на возраст од 5-6 години учествуваа на отворањето на манифестацијата **„Питијада 2025“** со ритмички точки и музички кореографии.

Одржани се пригодни одбележувања на **Денот на народното востание 11-ти Октомври** со работилници, разни ликовни активности и интерни приредби.

„Ден на Здрава храна“ беше одбележан сосоодветни активности за поттикнување на здрави навики при хранење во сите воспитни групи.

Празникот на нашиот град **9-ти Ноември** беше одбележан со активноста „Градот празнува“ со работилници, рецитации, креативни работилници, пеење на велешки народни песни и пригодни интерни приредби.

„Светски ден на детето“ беше одбележан со ликовни работилници и испишување и испраќање пораки за здравје, мир и благосостојба на децата и следење на детскиот фестивал „Златно славејче“

Децата учествуваа во манифестацијата **Детски Рацинови средби** со учество на настанот „Цветен пат за Рацин“ и перформанс „За Рацин“ кој се одржа на три локации со три различни сценарија.

„Довидување есен” е манифестација која традиционално се одбележува секоја година.По тој повод во сите објекти децата следеа театарска претстава од вработените „Довидување есен“.

„3-ти Декември – Меѓународен ден на лицата со попреченост“ беше одбележан со работилници под мотото „Сите сме еднакви“

Новогодишните празници беа одбележани со повеќе активности именувани како **„Дедо Мраз дојде и кај нас“**. Децата проследија и новогодишна театарска претстава „Веселата елка“ подготвена од Продукција Триангл пулс Скопје, а во соработка со Ј.Х.К. Џинот сите деца од големите групи ја проследија предновогодичната театарска претстава „Поштарска бајка“, а дарувањето на новогодишно пакетче за секое дете насловено како „ Дедо Мраз дојде и кај нас“- организиран од Општина Велес предизвика голема радост и задоволство кај сите дечиња.

Во текот на месец март го одбележавме 8-ми Март **,,Празник на сите мајки‘‘** со изработка на честитки, приредби во сите воспитни групи**,** а децата од една група на возраст 5-6 години со музички настап им го честитаа празникот на вработените во Општина Велес.

Во пресрет на традиционалниот празник **„Прочка“** беше организиран настан „Маскенбал пред Прочка“ со маскирање во традиционални маски и активности за обичаите карактеристични за овој традиционален празник.

Под мотото **„Добредојде пролет“** беше одбележан првиот пролетен ден во кој децата се радуваа садејќи цветни садници и разубавувајќи го дворот на својата градинка.

Светскиот ден на водата беше одбележан со ЕКО активности за значењето на водата во сите објекти во возрасните групи од 5-6 години.

Први април - Денот на шегата, беше одбележан со дефиле под маскенбал во занималните и холовите на градинките во сите воспитни групи, што предизвика многу радост кај дечињата.

Патрониот празник на Установата 7-ми Април, беше одбележан со свечено положување цвеќе и поклон пред бистата на Патронот, химна на градинката, рецитал, музички поздрав и низа активности во Објект 2 „Сонце“, како и пригодна приредба во Објект 6 „Ѕвончица“ со свечено отварање на новата сензорна соба и низа активности како дел од чествувањето на нашиот Патрон.

Велигденските празници беа одбележани со боење и шарање јајца и изработка на Велигденски експонати и декорации и учество на „Велигденски базар“ организиран од Општина Велес.

„Светскиот ден на семејството“ беше одбележан во соработка со родители, преку дружење, спортски игри и други активности во градскиот парк , реката Бабуна , игралиште Тунел, игралиште во Дворови и во дворовите на објектите.

Традиционално, децата разни спортски и забавни игри учествуваа во одбележувањето на патрониот празник на ООУ „Свети Кирил и Методиј“.

Децата учествуваа и во еколошката акција за чистење и селектирање отпад **„ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД“.**

Во рамките на заедичкиот проект со Локалната библиотека „Гоце Делчев“ **„Приказна за добар сон“** во текот на месец мај, на децата од возрасните групи од 4-5 и 5-6 години, вработени во библиотеката им читаа приказни пред пладневниот одмор.

Денот на пожарникарите беше одбележан со посета на ТППЕ-ВЕЛЕС каде децата на возраст од 5-6 години од сите објекти се дружеа со пожарникарите и ги разгледаа изложбено поставените возила и апарати и децата дадоа пригодна приредба во чест на пожарникарите.

Меѓународен ден на детето 1-ви Јуни преку игра и разни активности беше одбележан во сите објекти на градинката.

,,Светски ден на животната средина 5-ти Јуни‘‘ децата го одбележаа под мотото „Со љубов за нашата планета“ со еко пораки за чиста околина и љубов кон својот глобален дом планетата Земја и изложба на креативни изработки.

Завршната приредба „ДМ ШОУ“ во која со ритмички точки и кореографии учествуваа сите дечиња од возрасните групи од 5-6 години. Настанот се одвиваше во дворот на градинката на објект 2 Сонце“ и предизика голем интерес не само кај родителите на дечињата, туку и кај голем дел од нашите сограѓани.

„ИФФ Велес 2026“- 1-ви Јули децата учествуваа и на дефилето низ улиците на градот и настапија со три ритмички точки - кореографии

9.6. Признанија и награди

Соработката на Установата се карактеризира со учество на сите манифестации и јавни настани каде сме повикани. По секој повод вработените беа максимално вклучени со личен ангажман или креативност, а учеството на децата во градинката беше секогаш прифатено со задоволство.

- Организационен одбор на 58 Детски Рацинови средби – награда за посебен придонес и поддршка во организацијата на 58ми Детски Рацинови средби.
- ТЕКСО МАК – благодарница за учевство во едукативно – еколошки работилници за подигање на свеста за рециклирање и селектирање на текстилен отпад

- БРО – благодарница за поддршка на работилницата „детски играчки – паметен и безбеден избор“
- Локална библиотека „Гоце Делчев“- Велес – благодарница за успешна соработка
- Кожувчанка ДОО – благодарница за поддршка во кампањата за подигнување на свеста за екологија и значењето на консумација на вода.
- Општина Велес и ОО на ИФФ Велес- благодарница за учевство XXI-ти ИФФ Велес 2026
- ООУ „Св.Кирил и Методиј“ на објектите „Маргаритки“, „Ѕвездички“ и „Ѕвончица“ им додели Благодарница за учество во спортски штафетни игри реализирани по повод Денот на училиштето.

10. Реализација на програмата на директорот

Во склоп на Годишната програма на Установата е и програмата на директорот на Установата која е плански организирана и реализирана во текот на годината. Оваа програма претставува потсетник на бројните обврски кои зависно од потребите и актуелноста се дополнуваа со специфични задачи и приоритети поврзани со потребите во Установата:

- Административно-организациони, која се однесува на континуирана активност со координација и работење во согласност со препораките од Министерството за труд и социјална политика од една и Единицата за Локална Самоуправа Велес од друга страна.
- Воспитно-згрижувачки активности околу оперативноста со цел практичарите целосно и во потполност да им се посветат на задачите што им се доверени, учествувајќи на тој начин во подобрувањето на квалитетот на услугите посветени на индивидуалната и колективна одговорност.

Програмата на директорот комплетно се реализираше и во однос на административно-организационите и воспитно-згрижувачките аспекти.

Директорот на установата во согласност со закон и подзаконските акти ги извршуваше следните работни задачи:

- Ја организира и раководи работата на градинката;
- Одговорен е за законитоста на работењето во градинката;
- Самостојно донесува одлуки од неговата надлежност утврдена со Закон и Статут;
- Изготвува и предлага Годишна Програма за работа на градинката и превзема мерки за нејзина реализација;
- Поднесува извештај за реализација на Годишната програма за работа, извештај за материјално–финансово работење на градинката до стручни и надлежни институции, до УО на градинката, Локалната Самоуправа и МСПДМ;

- Изготвува План за јавни набавки;
- Планира, креира и води деловна политика за развој и унапредување на дејноста на градинката;
- Врши контрола на уписот на деца и распоредувањето по воспитни групи;
- Го раководи, организира и контролира административно–финансиското работење во градинката;
- Се грижи за тековното и инвестиционото одржување на објектите;
- Непосредно раководи со работата на заедничките служби;
- Се грижи за правилно извршување на работните задачи на вработените;
- Ја застапува и претставува градинката пред надлежните институции и трети лица;
- Учествува во работата на Управниот Одбор и ги извршува и спроведува одлуките на Управниот Одбор на градинката, ги почитува и применува неговите препораки, мислења и заклучоци;
- Ги подготвува и раководи соседниците на Стручниот Совет;
- Формира постојани и повремени комисии за определени прашања од работењето и организирањето на работата;
- Именува комисија за прием на деца и комисија за прием на деца со потешкоти и во развојот;
- Склучува договори согласно на закон;
- Донесува решенија за користење на годишни одмори, платени и неплатени отсуства на вработените;
- Одлучува за потреба од вработување, за прием по предходна согласност за обезбедени средства добиена од надлежен орган и за престанок на работен однос;
- Врши распоредување на вработените;
- Го следи спроведувањето на активностите од доменот на превентивната здравствена заштита во градинката;
- Врши педагошко–инструктивна работа и надзор на згрижувачко-воспитна и воспитно–образовна работа на воспитувачите, негувателите, стручните работници и соработници;
- Врши увид на педагошката евиденција и педагошката документација, дневникот за работа на установата, здравствената документација што се води во градинката;
- Остварува соработка со родителите согласно законските прописи и програмата на градинката;
- Перманентно работи на сопствено, професионално и стручно усовршување;
- Врши и други работи и работни задачи на работното место утврдени со Закон, Статут и актите на градинката.

11.Реализација на програмата на стручни работници и соработници

11.1. Реализација на програмата за работа на психологот во Установата

Програмата на психологот на Установата се реализираше според предвидените програмски содржини. Во соработка со стручниот тим и директорот на Установата, активностите се реализираа низ следните подрачја за работа :

- Учество во програмирање на воспитно-образовната работа на Установата и планирање;
- Изготвување на годишна програма и извештај за работата на Установата
- Следење на реализацијата на планот и програмата на воспитно-образовната работа;
- Следење на развојот и опсервација на деца;
- Во соработка со воспитно-згрижувачкиот персонал се врши идентификација на деца кои имаат потешкотии во адаптацијата во градинката, социјалните контакти, емоционални пречки;
- Соработка и советодавна работа со воспитно - згрижувачкиот персонал;
- Соработка и советодавна работа со родителите, планирана и инцидентна;
- Аналитичко - истражувачка работа;
- Учество во работатата на стручните активи и стручното усовршување на воспитните кадри;
- Активно учество во изработка на сценарија за приредби и јавни манифестации;
- Учество во планирање на структури по објекти и групи;
- Анализа на воспитно-образовниот процес преку следење на слободни и насочени активности;
- Воведување на современи психолошки сознанија за работа со деца на предучилишна возраст и следење на нивна правилна примена;
- Учество во избор на теми,содржини спрема возрасната група за реализација на интерни проекти и проекти на локално ниво;
- Активно учество во планирање на годишните глобални планирања по групи и следење на нивна реализација;

- Следење на стручна литература, семинари, советувања, работилници и примена на стекнатите искуства во секојдневна работа.

11.2. Реализација на програмата на педагогот - приправник во Установата

Во текот на воспитно-образовната година, работата на педагогот-приправник се реализираше согласно Годишната програма за работа на Установата, Програмата за рано учење и развој и законските прописи што ја уредуваат дејноста на предучилишното воспитание и образование.

Активностите беа насочени кон унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа, следење на развојот на децата, обезбедување стручна поддршка на воспитно-згрижувачкиот кадар, јакнење на соработката со родителите и промовирање на современи, инклузивни и развојно соодветни воспитно-образовни практики. Својата работа ја усовршував преку следниве активности:

- Континуирано следење, анализа и евалуација на педагошката документација и евиденција.
- Следење на реализацијата на воспитно-образовната работа во сите воспитни групи преку непосредно присуство и педагошко набљудување.
- Учество во изготвувањето, следењето и вреднувањето на годишните, среднорочните, тематските и дневните оперативни планирања.
- Следење на развојните карактеристики, индивидуалните потреби и интересите на децата преку секојдневни посети и набљудувања.
- Следење на процесот на адаптација на новопримените деца и давање стручни насоки за нивно успешно вклучување во воспитните групи.
- Следење на целокупниот психофизички развој на децата и препознавање на нивните способности, потенцијали и таленти уште од најрана возраст.
- Предлагање современи активности, методи и пристапи за унапредување на воспитно-образовниот процес.
- Обезбедување стручна, инструктивна и советодавна поддршка на воспитувачите при подготовката и реализацијата на воспитно-образовните активности.
- Активно вклучување во воспитно-образовниот процес преку реализација на активности и замена на воспитувач, кога тоа било потребно.

- Поттикнување на когнитивниот, социјалниот, емоционалниот, физичкиот и креативниот развој на децата.
- Поддршка на инклузивниот воспитно-образовен процес преку создавање еднакви можности за учество на сите деца, почитување на индивидуалните разлики и обезбедување безбедна, прифатлива и стимулативна средина за учење и развој.
- Афирмирање на принципите за почитување на правата на детето, индивидуалноста и различностите.
- Советодавна и информативна работа со родителите преку индивидуални разговори, консултации и активно вклучување во воспитно-образовниот процес.
- Учество во работата на Стручниот совет, стручните активи, работните тимови и другите стручни тела во установата.
- Учество во подготовката на сценарија, програми и материјали за приредби, манифестации и одбележување на значајни датуми.
- Учество во организацијата и реализацијата на проекти, работилници и други воспитно-образовни активности.
- Учество во подготовката на информативни и промотивни материјали за презентација на работата на установата.
- Уредно водење на Главната книга за упис на деца и учество во распоредувањето на децата по воспитни групи.
- Учество во работата на Комисијата за прием на деца во установата.
- Учество во изготвувањето на Годишната програма за работа и Годишниот извештај за работа на установата.
- Учество на стручни семинари, советувања, обуки и други форми на професионално усовршување.

11.3. Реализација на програмата на дефектолозите во Установата

За успешно реализирање на воспитно-образовниот и згрижувачки процес во сите степени на воспитанието и образованието, во работата на градинките неопходно е вклучување на дефектолог кој работи на специфични, а за детската популација особено од предучилишна возраст исклучително значајни потреби. Ова е период кога инклузивното воспитание и образование добива вистинско место во сите сегменти на

општественото живеење. Програмата за работа на дефектологот е составен дел на единствената програма за работа на Установата, и истата подразбира операционализација на конкретни воспитно-образовни и функционално-корективни цели и задачи, соодветни за децата со развојни потешкотии. Согласно со програмата за работа на Установата,како и програмата за работа на дефектологот, заедно со другите членови на тимот, дефектологот својата работа ја остваруваше низ следните активности:

- Учество во распоредување на децата со потешкотии во развојот во соодветни групи адекватни на нивните способности,можности,потреби и интереси;
- Изготвување на годишна програма и извештај за работата на Установата;
- Следење и помагање на процесот на адаптација кај децата;
- Детекција и опсервација на децата кои манифестираа развојни потешкотии;
- Спроведување на дефектолошка функционална проценка;
- Проценка на психомоторна и праксичка организација;
- Проценка на говорниот развој;
- Проценка на сознајни функции;
- Проценка на социо-емоционално однесување;
- Планирање и програмирање на индивидуален дефектолошки третман;
- Дефектолошкиот третман го реализираше преку индивидуална работа, поддршка и помагање во групите каде се вклучени децата со потешкотии во развојот;
- Пружање на стручна помош на воспитно-негувателскиот кадар во чии групи има вклучено деца со развојни потешкотии;
- Давање на развојна стумулација на децата, насочена кон зајакнување нивните способности и вештини и пронаоѓање на нови патишта за постигнување на повисоко ниво на развој;
- Водење на индивидуално досие за секое дете каде се бележат промените и напредокот во развојот;
- Реализирање на вежби за психомоторна реедукација;
- Соработка со родителите и давање на совети за продолжување на третманот во домашни услови;
- Учество во сите планирани активности на установата;
- Консултативна и советодавна работа со деца со потешкотии во развојот кои не се згрижени во установата и нивните родители;
- Учество во работата на стручните активи и стручно усовршување на воспитните кадри, преку свои излагања на одредени теми;
- Активна соработка со другите членови на стручниот тим;
- Следење на современите текови и достигнувања во дефектолошката област, како и следење на современа стручна литература;

- Посета на семинари и работилници за стручно усовршување, како и примена на тие информации и знаења во секојдневната работа.
- Бројот на деца со потешкотии во развојот кои што имаат потреба од дефектолошки третман секоја година е се поголем, оваа година беа третирани 56 деца.

11.4. Реализација на програмата на логопедите во Установата

Согласно со програмата за работа на Установата, како и програмата за работа на логопедот, својата работа ја реализираше низ следните активности:

- Изготвување годишна програма и годишен извештај за сопствената работа;
- Учествува во работата на Комисијата за прием на деца со потешкотии во развојот;
- Учествува во распоредување на децата со потешкотии во развојот во соодветни групи адекватни на нивните способности и потреби;
- Го следи процесот на адаптација на децата и го помага истиот;
- Ги опсервира восп.-образов. активности и при тоа го следи говорниот развој и комуникацијата на децата;
- Врши опсервација и детекција на деца кои покажуваат одредени потешкотии во говорот;
- Дијагностицира и класифицира говорни потешкотии кај децата во установата;
- Изготвува индивидуални планови за работа со деца со потешкотии во говорниот развој;
- Логопедскиот третман го реализира преку индивидуална работа со децата;
- Ги следи, анализира и евидентира ефектите од индивидуалниот логопедски третман;
- Остварува активна и отворена соработка со родителите на децата со потешкотии во говорот;
- Дава поддршка и насоки на воспитувачките и негователките;
- Остварува активна соработка со дефектологот, со цел унапредување на развојот на децата со развојни потешкотии;
- Планира и спроведува на одредени истражувања од својата област во установата;
- Дава стручни совети и мислења на други установи кои имаат потреба од логопедско мислење;
- Ги следи современите текови, достигнувања и стручната литература од логопедската област и ги применува во својата работа;
- Соработува со други стручно-научни институции и други локални установи;
- Активно соработува со директорот, педагогот, психологот, дефектологот, социјалниот работник, воспитувачите и негователките;
- Води евиденција за својата работа и поднесува годишен извештај до директорот на градинката;

- Врши и други работи согласно стручната подготовка;
- Бројот на деца со говорни потешкотии кои што имаат потреба од логопедски третман секоја година е се поголем, оваа година беа третирани 136 деца.

11.5. Реализација на програмата на социјален работник - приправник во Установата

Во почетниот период работата се одвиваше под надзор и со поддршка од менторот. Редовно беа следени неговите насоки и препораки, а работните задачи и активности се реализираа во согласност со утврдените цели на менторството.

Во текот на годината се следеше психосоцијалниот развој и адаптацијата на децата, при што беа детектирани случаи на несоодветно однесување и беа преземени соодветни стручни мерки за нивно надминување. Се реализираа индивидуални разговори и набљудувања на децата, со цел навремено препознавање на причините за одредени потешкотии и обезбедување соодветна поддршка.

Остварена беше континуирана соработка со воспитувачите, негувателите и стручниот тим преку размена на информации, консултации и давање стручни насоки за работа со деца кои имаат потешкотии во однесувањето, развојот или адаптацијата.

Во текот на годината се реализираше редовна соработка со родителите преку индивидуални средби и советувања, особено со родители на деца со потешкотии во развојот, деца со проблеми во однесувањето и деца од семејства со специфични животни околности. По потреба беа воспоставени контакти и со надлежните институции за социјална заштита со цел обезбедување најдобар интерес за детето.

Посебно внимание беше посветено на препознавање, превенција и навремено пријавување на можни случаи на семејно насилство и физичка или психичка злоупотреба на децата, во согласност со законските прописи и интерните процедури на установата.

Во текот на годината активно се учествуваше во работата на Комисијата за прием на деца, како и во изготвувањето на потребната стручна документација, годишни, месечни и оперативни планови и извештаи.

Паралелно со редовните работни обврски, континуирано се работеше на стручно и професионално усовршување преку следење стручна литература, учество на обуки, семинари и други форми на професионален развој.

11.6. Реализација на програмата на музички педагог во Установата

Во текот на воспитно – образовната година 2025/2026, работата како музички педагог се реализираше согласно Годишната програма на установата и Програмата за рано учење

и развој. Активностите беа насочени кон поттикнување на музичкиот развој, креативноста, емоционалниот и социјалниот развој на децата преку музика, песна, игра и движење.

Реализирани активности

Во сите воспитни групи редовно се реализираа музички активности кои опфаќаа:

* учење и интерпретација на детски песни;
* развивање чувство за ритам преку музички игри и движења;
* слушање и доживување разновидни музички композиции;
* запознавање со основни музички инструменти;
* свирење на детски ритмички инструменти;
* развивање на музичката меморија, слухот и вокалните способности;
* креативно изразување преку музика и движење.

Активностите беа прилагодени на возраста, интересите и индивидуалните способности на децата. Учество во приредби и манифестации

Во текот на годината беа подготвени и реализирани музички точки за:

* Питијада 2025
* Новогодишната приредба;
* Осмомартовската приредба;
* Велигденски активности;
* Завршната приредба;
* Одбележување на патрониот празник 7ми Април;
* Одбележување на значајни празници и тематски денови во градинката.

Децата активно учествуваа во подготовката и изведбата на музичките содржини, покажувајќи голема мотивираност и напредок. Соработка Остварена беше континуирана соработка со воспитувачите, стручната служба и родителите, со цел успешна реализација на планираните активности. Во договор со воспитувачите се избираа соодветни музички содржини за секоја возраст и за различните тематски активности.

Постигнати резултати:

Во текот на учебната година кај децата беше забележан:

* развој на музичкиот слух и чувството за ритам;
* подобрување на интонацијата и дикцијата при пеење;
* поголема самодоверба при јавни настапи;
* развој на концентрацијата, вниманието и меморијата;
* поттикнување на креативноста, соработката и позитивниот однос кон музиката.

Предизвици:

Во текот на работата се јавуваа одредени предизвици поврзани со различното ниво на музички способности кај децата, нивната концентрација и присуството, но со примена на разновидни методи и индивидуален пристап успешно беа надминувани.

12. Материјално-финансово работење на Установата

Бројот на запишани деца во ОЈУДГ „Димче Мирчев”-Велес во изминатата година на 31.05.2026г. изнесува 1122 деца. Износот за престој на дете во Установата за целодневна програма изнесува 1.990,00 денари. Исто така е направен попуст од 10% за родители кои имаат две деца, а 20% за родители кои имаат три деца во нашата Установа. Самохраните родители, кои треба да исполнат одредени услови се ослободени од партиципација во градинка и истите трошоци ги покрива Општина Велес. Во оваа воспитна година 6 корисници кои ги исполнуваа условите за користење на оваа услуга. Во Установа ослободени од партиципација се и родители кои имаа запишано деца во проектот Инклузија на деца Роми. Оваа година по овој проект беше ослободено 1 дете.

Дел од приходите се остваруваат и со оброци што ги користат вкупно 43 корисници од основното училиште „Св.Кирил и Методиј”, 119 основното училиште „Васил Главинов“ и 12 од „Дневниот центар за деца и лица со посебни потреби“ Велес. Во однос на расходите, најголемиот процент од истите паѓа на исхраната на децата која е приоритет во Установата и се изготвува според претходно утврдени и контролирани нормативи од МСПДМ.

Покрај редовните расходи за храна и комунални услуги кои го овозможуваат нормалниот тек на работењето на Установата, се посветува големо внимание на подобрување на условите за престој на децата и опремата која е во секојдневна употреба, се со цел да се обезбеди квалитетен, пријатен и престој со високи стандарди за деца од предучилишна возраст.

Дел од расходите се припишуваат на доопремување на занималните и дворовите со нов дидактички и игровен материјал и опрема од програмите за изработка на детски играчки кои се соодветни и сигурни за игра на деца од предучилишна возраст.
Библиотечниот фонд се збогатува со нови современи едиции, адекватни и популарни за децата. Во текот на 2025/2026 се извршени реконструкции, санации и набавки кои се наведени во точка 2.1. Сите инвестиции и проекти во нашата установа се реализирани со цел нашата услуга да биде што поквалитетна.

Нашата **Мисија: “Ние сме партнери на родителите во воспитанието и образованието на децата, нивниот правилен раст и развој, креираме безбедна стимулативна средина,**

негуваме тимска работа, толеранција, ги почитуваме различностите и ги поттикнуваме индивидуалните можности и способности на децата, градиме успешна соработка и ја промовираме нашата установа во локалната заедница."

Општинска јавна установа за деца Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ" Република Северна Македонија ВЕЛЕС

ДИРЕКТОР

Наташа Јанушева

Содржина:

Вовед..... 2

1.Појдовни основи за реализација на дејноста 3

2.Организација, внатрешно уредување и услови за работа на градинката..... 4

2.1. Реконструкции и санации..... 6

2.2. Уредувањето и одржувањето на дворните површини 9

2.3. Дидактички и игровен материјал 9

2.4.Библиотечен фонд .....
10

3. Прегледи за бројот на вработени и ангажирани лица 11

4.Организација на работата во јаслените групи и градинката 15

4.1. Организација на работата во јаслените групи 15

4.2. Организација на работата во детската градинка 15

4.3. Бројна положба на децата и групите во предучилишната установа.....17

5.Реализација на програмите за воспитно-образовната работа 19

5.1. Реализација на воспитно-образовната работа во воспитните групи 19

5.2. Реализација на интерни проекти со децата во Установата 20

5.2.1.Проект ,, Јас и мојот свет - семејство”.....20

5.2.2. Проект ,,Малите граѓани на големиот град“ .....
. 28

5.2.3.Проект „Спотуваме, другаруваме”.....33

5.3.Проект „Вклучување на децата Роми во јавните општински установи- детски градинки во Република С.Македонија”.....36

5.4.„ЕКО проект”.....36

5.5. Завршна приредба 2026 „ДМ ШОУ“.....44

5.6. Програми реализирани од надворешни соработници во Установа.....45

6. Стручно усовршување на кадарот 47

7. Здравствена дејност 48

8. Инклузија на деца со потешкотии во развојот 49

9. Културна дејност 50

9.1. Соработка со родители.....50

9.2. Соработка со предучилишните установи од другите градови 52

9.3. Соработката со установи, институции и НВО.....52

9.4. Соработка со медиуми 54

9.5. Јавни манифестации на организацијата во изминатата година 54

9.6. Признанија и награди 57

10. Реализација на програмата на директорот 58

11. Реализација на програмата на стручните работници и соработници.....60

11.1. Реализација на програмата за работа на психологот во Установата 60

11.2. Реализација на програмата за работа на педагог-приправник во Установата 60

11.3. Реализација на програмата на дефектолозите во Установата 62

11.4. Реализација на програмата на логопедите во Установата.....63

11.5. Реализација на програмата на социјален работник-приправник во Установата.....64

11.6. Реализација на програмата на музички педагог во Установата.....65

12. Материјално-финансово работење на Установата 66